


# Билтен бр.1

01 јануари - 30 Април 2017

ЖГИ АНТИКО е институционален грантист на Цивика мобилитас

CIVICA MOBILITAS

ANTICO
ЖЕНСКА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА
INICIATIVA QYTETARE E FEMRAVE

# Билтен бр.1

## 01 јануари - 30 Април 2017

ЖЕНСКА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА
INICIATIVA QYTETARE E FEMRAVE

ЖГИ АНТИКО е институционален грантист на Цивика мобилитас

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на
*Женска граѓанска иницијатива АНТИКО* и на ниту еден начин
не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас,
Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите
што ја спроведуваат.

I ЗА Женска граѓанска иницијатива АНТИКО . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3

II ВОВЕД . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4

III СУМИРАНИ КЛУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА ВО ПЕРИОДОТ 01.01-30.04.2017 ГОДИНА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

IV ИМПЛЕМЕНТИРАНИ АКТИВНОСТИ, ДОСТИГНУВАЊА И РЕЗУЛТАТИ ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ ЗА 2017 ГОДИНА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9

IV.I. Активности во рамките на проектот „Вклучување на жени од етнички заедници на пазарот на трудот“ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9

IV.II. Активности во рамките на проектот „Здружени сили за заеднички интереси“. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 21

## I За Женска граѓанска иницијатива АНТИКО

Женска граѓанска иницијатива АНТИКО е формирана во 1999 година како одговор на потребата на заедницата за мултиетничко вмрежување и тимско делување во областа на демократијата, плурализмот, толеранцијата, меѓу-етничката соработка, унапредувањето на родовата рамноправност и активното учество на граѓаните во изградбата на мирот во заедницата, преку економска, социјална, културна благосостојба и почитување на основните човекови права на сите луѓе - различни и маргинализирани.

**Мисија:** Промоција на културата на мирот – подобрување на социо-економската положба на жените и младите, родова рамноправност, поддршка за зајакнување на капацитети, влијание за креирање на родови политики, застапување за целосно спроведување на домашни и меѓународни инструменти за заштита на човековите/женските права.

**Визија:** Оддржлив мир и развој – граѓанско општество кое обезбедува еднакви можности и ги почитува човековите права на сите граѓани без разлика на нивната полова, етничка, верска и секаков друг вид на различност.

Мрежата на АНТИКО со координирани акции и партнерство со граѓанските организации, локалната самоуправа, бизнис секторот, медиумите и други чинители, спроведува континуирани активности кои остваруваат позитивно влијание на ниво на индивидуи, групи и на ниво на заедницата. Форми на делување: јакнење на капацитети, застапување во институциите на системот, промоција, информирање, едукација, неформално образование, родови истражувања, издавање на публикации, прирачници и др. АНТИКО работи и на спроведување на јавни акции во заедниците, воспоставува влијание и поддршка за креирање родово одговорни политики и буџети на локално и централно ниво.

## II ВОВЕД

Во периодот 01 јануари – 30 април 2017 година, ЖГИ АНТИКО работеше паралелно на три проекти со кои се постигнаа значителни резултати и достигнувања. Во овој период АНТИКО работеше на следните проекти:

### 1. ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ ЦИВИКА

**Период на спроведување: јануари 2017-јуни 2018 година**

**Донатор – проект на Швајцарската Агенција за Развој и Соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка (МЦМС) и Шведскиот Институт за Јавна Администрација (SIPU)**

**Големина на грант – 2.375.000,00 МКД**

### 2. ПРОЕКТ ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЖЕНИ ОД ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

**Период на спроведување: јануари 2016-јули 2017 година**

**Донатор – Европска Унија во рамките на ИПА Програма за социјална инклузија**

**Партнер – CARE Германија/Луксембург е.В.**

**Вкупен буџет за двете партнер организации – 210.519,86 ЕУР**

### 3. ПРОЕКТ ЗДРУЖЕНИ СИЛИ ЗА ЗАЕДНИЧКИ ИНТЕРЕСИ

**Период на спроведување: јануари 2016-август 2018 година**

**Донатор – Европска Унија во рамките на ИПА Програма за поддршка на граѓанско општество и медиуми 2014**

**Партнери –COSV– Подружница Прилеп и ЦГИ од Прилеп**

**Вкупен буџет за трите партнер организации – 329.584,78 ЕУР**

## III СУМИРАНИ КЛУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА ВО ПЕРИОДОТ 01.01-30.04.2017 ГОДИНА

**1)** Во овој четримесечен (4) период ЖГИ АНТИКО продолжи да работи со програмата за економско јакнење и социјална инклузија на жени. По реализираното теренско и деск истажување во 5 локални заедници на Р. Македонија (Куманово, Штип, Битола, Тетово и Скопје) и по развивањето на тренинг програмата, организиравме и спроведовме обуки за јакнење на капацитетите на жени од немнозинските етнички заедници. Темите кои се обработија во овој циклус на обуки беа фокусирани на: Комуникациски и меки вештини, Кариерно советување, Родови концепти и Основни информации за развој на бизнисот и самовработувањето.

Во рамките на програмата се реализираа вкупно 61 целодневни обуки. Во обуките учествуваа 326 учеснички. Вкупниот број на учеснички за времетраењето на целиот циклус изнесуваше 1.479 (целни групи + тренери + локални медијатори + проектен тим). Во тренинзите го надминавме планираниот број на учесници од 250 на 326, што значи 30% повеќе од планираното со проектот. Тренинзите добија висока евалуативна оценка. Според првичниот план на предлог проектот, после тренинг програмата планирано беше спроведување на професионална пракса за 30 жени, но интересот и мотивацијата на жените беше да учествуваат и на дополнителни стручни курсеви за да се стекнат знаења, вештини и искуство со кои би ги зголемиле нивните потенцијали за вработување или самовработување. За оваа цел проектот обезбеди дополнителни средства за да им излеземе во престрет на жените и да можат да ги следат курсевите за да имаат верификувани сертификати во различни области за кои тие покажаа интерес. Во курсевите ќе опфатиме **180 жени** (**72%** од вкупниот број на првично предвидениот таргет). За успешно реализирање на проектот потпишавме **Меморандум за соработка** со АВРМ и Центрите на АВРМ во 5-те локални заедници. Со центрите на АВРМ организиравме континуирани состаноци и активности каде нивни преставници одржуваа информативни сесии за нашите целните групи и одговараа на нивните прашања и интереси во однос на процедурите за регистрирање како активни баратели на работа, но и за користење на активните мерки за вработување и самовработување. АНТИКО исто така иницираше и воспостави многу добра соработка со жени од бизнис секторот кои ги споделија нивните искуства и добри практики со целните групи. Како клучен резултат е и тоа што **72** учеснички се во фаза на

регистрација во Центрите за вработување или се во фаза на променување на статусот од пасивни во активни барателки. Оваа активност ја спроведуваме во соработка со локалните медијатори од 5те општини кои претставуваат мост помеѓу корисничките и АНТИКО. Проектиниот тим учествуваше и ги мониторираше скоро сите организирани обуки, водеше постојана комуникација со целните групи, фацилитаторите и сите други вклучени актери и засегнати страни со цел подобро познавање на потребите на целните групи, прибирање на информации, давање на поддршка и мотивирање на целните групи за нивно активно вклучување на пазарот на трудот. Со овој начин на делување ние ја зголемивме нивната самодоверба, самоиницијативноста и еланот за редовно учество на циклусите на обуките и продолжување на нивната доедукација преку верифицирани курсеви со теоретски и практичен дел и со учество во бизнис секторот како практиканти. Еден од клучните моменти кои дадоа придонес за успешноста на проектот беше и воспоставената соработка со бизнис секторот, како потенцијални работодавачи на нашите целни групи.

**2)** Еден од многу важните постигнати успеси е паралелната работа со деца на мајки кои учесвуваа на обуките. Организиравме 44 креативни работилници спроведени од страна на тим на експерти и професионалци од овој вид на работа. Во креативните работилници Учествуваа 362 деца од 5-10 годишна возраст. Со цел да обезбедиме одржливи резултати преку метологијата „врата до врата“ работевме и со членовите на 150 семејства на теми поврзани со родовите стереотипи и предрасуди, за зголемувањето на свеста на членовите, како и за придобивките од активното вклучување на жените во пазарот на трудот на микро ниво – во семејството и на макро ниво – во општеството. Постигнувањето 1 и 2 се реализираше во рамките на ЕУ проектот „**Вклучување на жени од етнички заедници на пазарот на трудот**“.

**3) Во рамките на вториот реализиран проект „Здружени сили за заеднички интереси“,** чии цели се насочени кон зајакнување на влијанието на граѓанското општество во унапредувањето на односите во заедницата преку партиципативна демократија, спроведовме 4 форуми во 2 локални заедниците со вкупно учество на—79 преставници од ГО, ЕЛС и други засегнати страни наменети за партиципативно учество во дефинирање на приоритетни области за соработка помеѓу локалната власт и ГО и идентификување на проблемите и потребите на заедницата. Како продукт на форумите произлегоа и 2 драфт акциски планови, очекуваме општините Чаир и Сарај да ги усвојат истите. Дополнително се подготви и публикува повик за мали грантови. Се анализирааа 11 апликации кои беа доставени од локални ГО со цел спроведување проекти чии што цели произлегуваат од акциските планови (од кои 3 апликации за Чаир и Сарај, општини, каде АНТИКО беше одговорна да раководи и да ги организира актиностите во овој циклус, а и истовремено да комуницира со менторските организации и општините).

**4) Во рамките на програмата ЦИВИКА Мобилитас: АНТИКО во овој 4 месечен период работеше на реализирањето на целите и активностите кои се предвидени за овој период, а поверзани со организацискиот развој** на АНТИКО односно работеше на воспоставување на функционални процедури за транспарентност и отчетност и на подобрувањето на информираноста на конституентите, целните групи, како и на целовкупната јавност со својата работа, со достигнувањата и влијанието кое го остварува на ниво на индивидуи, групи и заедници. За оваа цел АНТИКО, на 08.04.2017 година организираше работилница со учество на нејзините конституенти (13). На интерактивната работилницата преку партиципативен приод ги анализиравме постоечките документи кои ги регулираат процедурите и системите за работа. Заклучоците беа дека постоечките документи сè се уште актуелни, но и дека исто така постои потреба во некои делови да се редефинираат и прилагодат на промените и на ново настанатите ситуации во АНТИКО, но и во генерален контекст. Еден од заклучоците и препораките беше: во 2 други работилници и средби кои следуваат преку партиципативен пристап да се развиваат дополнителни, но ќе се ревидираат и веќе постоечките правилници и други документи поврзани за организаскиот

развој. Додека Извршниот совет донесе одлука да се прошири членството на мрежата. Исто така во првиот квартал се развија драфтовите на Критериумите за членство и Кодексите на однесување.

**Учество во работни групи на релевантни институции за родовите прашања и други демократски процеси во нашето општество.**

АНТИКО во овој период работеше на зголемување и унапредување на соработката, вмрежувањето и вклученоста на конституентите, ЕЛС и релевантните институции на централно ниво, како и на зголемување на општествената одговорност и влијание во процесите на креирање политики.

Преставници и активисти на АНТИКО во овој период зедоа учество во активностите кои ги спроведуваше Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство и Платформата за родова еднаквост, во двете мрежи каде АНТИКО е членка и истовремено и една од организациите основачи.

Исто така АНТИКО зеде учество во Маршот за женски права кој се одржа на Меѓународниот ден на жената (08.03.2017 година) со ова ја одбележавме секојдневната борба на жените за економска, политичка и социјална рамноправност. Дополнително АНТИКО зема учество и на настанот организиран од страна на Британската и Холдандската Амбасада во Скопје, на тема Денот после 8ми март. АНТИКО активно учествуваше во работната група за подготовка на новиот Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325 за жени, мир и безбедност 2017-2020, која се одржа на 10.03.2017 година. Работната група беше составена и организираше од страна на Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика (МТСП).

На 24.03.2017 година (во Хотел Арка), преставничката на АНТИКО учествуваше во **Првата работилница за Организациско јакнење организирана од Civica Mobilitas.** Освен овие настани учествуваме и во други многубројни обуки, конференции и други настани на теми кои се од значење за нашата мисија и стратешки цели.

## IV ИМПЛЕМЕНТИРАНИ АКТИВНОСТИ, ДОСТИГНУВАЊА И РЕЗУЛТАТИ ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ ЗА 2017 ГОДИНА

### IV.I. Активности во рамките на проектот „Вклучување на жени од етнички заедници на пазарот на трудот“

**1. Продолжување на тренинг програмата наменета за жените од немнозинските етнички заедници и на креативните работилници наменети за децата на мајките – учеснички.**



**Тренинг програма за жени**

Во рамките на тренинг програмата се спроведоа 61 целодневни обуки. Во обуките учествуваа 326 учеснички. Вкупниот број на учеснички за времетраењето на целиот циклус изнесуваше 1.479 (целни групи + тренери + локални медијатори + проектен тим). Во рамките на програмата се спроведоа следните обуки:

- Тетово – Родови концепти на 14.02.2017 и на 15.02.2017 година за првата група и на 16.02.2017 и 17.02.2017 година за втората група; Основни информации за развој на бизнисот и самовработувањето на 02.03.2017 и 03.03.2017 година за првата група и на 09.03.2017 и 10.03.2017 година за втората група;

- Куманово – Родови концепти на 07.02.2017 и 08.02.2017 година за првата група и 09.02.2017 и 10.02.2017 година за втората група; Основни информации за развој на бизнисот и самовработувањето на 21.02.2017 и 22.02.2017 година за првата група и 23.02.2017 и 24.02.2017 година за втората група;

- Битола – Родови концепти на 21.02.2017 и 22.02.2017 година за првата група и на 23.02.2017 и 24.02.2017 година за втората група; Основни информации за развој на

бизнисот и самовработувањето на 14.03.2017 и 15.03.2017 година за првата група и на 16.03.2017 и 17.03.2017 година за втората група;




- Штип – Родови концепти на 15.02.2017 и 16.02.2017 година за првата група и на 27.03.2017 и 28.03.2017 година за втората група; Основни информации за развој на бизнисот и самовработувањето на 01.03.2017 и 02.03.2017 година за првата група и на 09.03.2017 и 10.03.2017 година за втората група;

- Скопје – Кариерно советување на 02.02.2017 и на 03.02.2017 година; Родови концепти на 06.02.2017 и на 07.02.2017 година за првата група и на 13.02.2017 и 14.02.2017 година за втората група; Меки вештини на 08.02.2017 и 09.02.2017 година; Основни информации за развој на бизнисот и самовработувањето на 27.02.2017 и 28.02.2017 за првата група и на 06.03.2017 и 07.03.2017 година за втората група.







Тимот на ЖГИ АНИТКО зема учество и вршеше мониторинг на вкупно 33 тренинзи, односно на повеќе од 75% од тренинзите директно учествуваше на терен, обезбеди активностите да се спроведуваат соодветно и ефективно и водеше сметка на видливоста на проектот и донаторот.

**Во целосната тренинг програма** се поминаа вкупно <u>61 дена тренинг, односно учество земаа 326 учеснички</u>. Вкупниот број на присутни на целата тренинг програма изнесува 1479 (целни групи + тренери + локални медијатори + проектен тим), од кои во квартот за кој известуваме имавме вкупно 1116 присутни. Во тренинг програмата не само што успеавме да го достигнеме предвидениот таргет и истиот го надминавме. Односно иако беа предвидени да се вклучат 250 жени, во тренинг програмата успеавме да вклучиме **326 учеснички, односно направивме зголемување на првично предвидениот таргет за 30%**.




Во однос на етничката позадина на целната група, успеавме да вклучиме 131 ромки, 125 албанки, 20 турчинки, 3 босанки, 4 србинки, 1 чехиња и 42 македонки. Овие бројки се исто така индикатор за успех и за исполнување на предвидениот таргет да во тренинг програмата акцент се стави на жените ромки.

По однос на образовната структура на целната група, АНТИКО осигура да се запазат проектните критериуми по однос на степенот на образование на целната група, односно учесничките во тренинг програмата имаа минимум завршено основно образование (40%), средно образование (39%), студенти (3%), вишо образование (9%) и високо образование (9%). Иако образовната структура беше од диверзивен карактер, сепак тренинг програмите беа дизајнирани на начин да бидат разбирливи за сите, а истовремено да бидат интересни за секого. Голема олеснителна околност беше тоа што скоро целата




Доколку сакаме да ја поделиме целната група земајќи го предвид местото на живеење ќе видиме дека најголем број на учеснички имавме од Тетово и тетовскиот регион односно 26%, од Штип 20%, од Куманово 18%, од Битола и битолскиот регион 19% и од Скопје 17%.

ЖГИ АНТИКО исто така се осигура да се води редовна евиденција и на старосната граница на учесничките со цел да се запазат проектните критериуми. Дата базата со податоците од целните групи континуирано се обновуваа, како би можело да се има тековен и соодветен увид. Затоа АНТИКО им доделуваше на локалните медијатори конкретни и унифицирани табели кои содржеа индикатори кои се неопходни за да се прикажат квалитативните достигнувања на тренинг програмата.

целна група (приближно 90%) за прв пат учествуваа на тренинзи од ваков карактер и за прв пат се сретнуваа со темите, поради што степенот на заинтересираност беше голем.






Од табелата можеме да заклучиме дека во тренинг програмата се вклучија пред се' млади девојки на возраст од 16-27 години кои активно и редовно учествуваа во тренинг програмата, односно 50%. Понатаму 36% од учесничките беа на возраст од 28-38 години и 14% на возраст од 39-49 години. Проектниот таргет беше да се вклучат 250 жени на возраст од 20-40 години. Во тренинг програмата се вклучија вкупно 289 жени кои спаѓаат во предвидената возраст, односно од 20-40 години. Останатите 48 жени се додадена вредност која проектот ја овозможи, односно во рамките на предвидените буџети успеавме да опфатиме уште повеќе жени, а со самото тоа и да ги јакнеме нивните капацитети.

Општо тренинзите добија висока евалуативна оценка и учесниците се изјаснија дека ги сметаат корисни темите кои што се опфатија со тренинзите како и дека имаат желба да се вклучат и во следните фази од тренинг програмата, односно тие покажаа висок интерес за учество во стручни курсеви кои ќе им овозможат да се доквалификуваат или преквалификуваат односно ќе им помогнат да најдат вработување или самовработување.

## Анализа на креативните работилници за деца





На креативните работилници кои беа реализирани во рамките на проектот, учество земаа **вкупно 360 деца, на возраст од 5-10 години**. Преку креативните работилници успеавме да ги поттикнеме децата да го истражат својот креативен потенцијал со намера континуирано да го негуваат и развиваат, да ги усовршат фините моторички вештини преку изработка на индивидуални и тимски трудови (проекти).

Гледајќи ја демографската поделба на децата, се забележува дека следствено на фактот што најголемиот број на учеснички во тренинг програмата доаѓаа од Тетово, и за децата најголемиот број од нив беа од Тетово. Бројноста на децата гледајќи низ призмата на демографската т.е. регионална поделба е Тетово, Штип, Куманово па

Битола. Единствен град во кој што не се спроведуваа креативни работилници беше Скопје, само заради тоа што учесничките од Скопје беа млади девојки, кои се уште немаат деца или пак децата кои ги имаат не влегуваат во старосната граница која е предвидена со проектот односно или имаат под 5 години или се над 10 годишна возраст. Дополнително се случуваше да не присуствуваат децата на учесничките и покрај тоа што се во старосната граница што е предвидена во проектот, затоа што децата се веќе вклучени во редовна шлолска или предшколска настава односно би требало да отсуствуваат од истата за да земат учество во креативните работилници кои ги организираше проектот.





Паралелно со тренинг програмата наменета за жените учеснички, се спроведоа **44 креативни работилници**, од кои по 12 работилници се одржаа во Тетово и Штип, 11 работилници во Куманово и 9 работилници во Битола.

По однос на етничката припадност на децата кои учествуваа во креативните работилници исто така успеавме акцентот да го ставиме на припадниците на ромската заедница со што ја имаме следната состојба:

- Роми 166;
- Албанци 153;
- Бошњаци 9;
- Македонци 34.




И покрај тоа што локалните медијатори ги мобилизираа целните групи и заедно со тимот на АНТИКО се погрижија истите да се редовни и да ја посетуваат тренинг програмата и креативните работилници, сепак, со цел да бидеме транспарентни и сеопфатни, на месечно ниво се подготвуваа календари на активности и истите беа објавувани на проектната веб страна, на веб страната на

АНТИКО и на фб профилот на АНТИКО. Календарот на активности се објавуваше на сите три јазици – македонски, албански и англиски:

- македонски Calendar for December; Calendar for February; Calendar for March;
- албански Calendar for December; Calendar for February; Calendar for March;
- англиски Calendar for December; Calendar for February; Calendar for March.

Проект: Вклучување на жени од етнички заедници на пазарот на трудот

**Calendar of workshops aimed for ethnic minority women**

| February 2017 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Monday** | **Tuesday** | **Wednesday** | **Thursday** | **Friday** | **Saturday** | **Sunday** |
| | | 1 | 2<br>SKOPJE Career counceling - in the offices of the CSO IRIZ in Suto Orizari 09:30-16:30 | 3<br>SKOPJE Career counceling - in the offices of the CSO IRIZ in Suto Orizari 09:30-16:30 | 4 | 5 |
| 6<br>SKOPJE Gender concepts - Pizzería Senada Suto Orizari 09:30-16:30 | 7<br>KUMANOVO Gender Concepts and children's workshops in Albanian - Hotel Rim Paris 09:30-16:30 | 8<br>SKOPJE Soft skills - Pizzeria Senada 09:30-16:30 | 9<br>SKOPJE S. skills and children works. Pizzeria Senada 09:30-16:30<br>KUMANOVO Gender Concepts and children's workshops in Macedonian - Hotel Rim Paris 09:30-16:30 | 10 | 11 | 12 |
| 13<br>SKOPJE Gender concepts and children's workshops - Pizzeria Senada Suto Orizari from 9:30-16:30 | 14<br>TETOVO Gender concepts and children's workshops in Albanian - Hotel Lirak 09:30-16:30 | 15<br>STIP Gender concepts and children's workshops - Hotel Oaza Stip 10:30-17:30 | 16<br>TETOVO Gender concepts and children's workshops in Macedonian - Hotel Lirak 09:30-16:30 | 17 | 18 | 19 |
| 20 | 21<br>BITOLA Gender concepts and children's workshops - Hotel Milenium 09:30-16:30<br>KUMANOVO Business basics and children's workshops in Albanian - Hotel Rim Paris 09:30-16:30 | 22 | 23<br>BITOLA Gender concepts and children's workshops - Hotel Milenium 09:30-16:30<br>KUMANOVO Business basics and children's workshops in Macedonian - Hotel Rim Paris 09:30-16:30 | 24 | 25 | 26 |
| 27<br>STIP Gender concepts and children's workshops - Hotel Oaza Stip 10:30-17:30<br>SKOPJE Business basics - Pizzeria Senada Suto Orizari 09:30-16:30 | 28 | | | | | |

Овој проект е финансиран од Европската Унија

ул. „Вуковарска“ бр.23-1/2, 1000 Скопје, Поштенски фах 1090/1010
тел: +389 (0)2 2614 641/ contact@antiko.org.mk/ antico@t.mk
www.antiko.org.mk

**2. Селекција на жени кои ќе учествуваат во стручните тренинзи**

Согласно истражувањето кои се спроведе во 5те општини во рамките на проектот, но и од тековната и редовна комуникација со целните групи, се дојде до заклучок дека жените-учеснички имаат реална потреба и/или интерес за поседување на некаков вид курс кој ќе им овозможи верификуван/ лиценцирани сертификати и реални знаења. За таа цел, сите заштеди кои ЖГИ АНТИКО ги акумулираше во периодот на известување, предложи истите да се пренасочат во горенаведената ставка преку која ќе може да се спроведуваат дополнителни активности – односно дополнителни и стручни курсеви.

**УСПЕШНА ПРИКАЗНА**

Една учесничка од Тетово која го посетуваше тренингот за Основни информации за развој на бизнисот и самовработувањето, со помош на тренерите го разви својот бизнис план и аплицираше за активните мерки. Во наредниот период ќе ја следиме оваа приказна со цел да ги увидиме резултатите и импактот од проектот.

Тимот на ЖГИ АТНИКО во периодот на известување беше во континуирана комуникација со локалните медијатори по однос на евидентирањето на жените кои ќе земат учество во прстојната фаза односно во стручните тренинзи. За таа цел АНТИКО на неколку наврати од локалните медијатори бараше дополнителни информации со цел да може да ја добие вистинската слика од теренот и да можат да се селектираат најсоодветните кандидатки и бараше униформирано известување по однос на целните групи, како би можело соодветно да се анализираат добиените податоци.

Согласно првичната поделба на жените и земајќи го предвид пред се' критериумот – присуство и активно учество на обуките кои проектот ги понуди во претходната фаза, има **180 жени кои сакаат да продолжат** и да учествуваат на некои стручни тренинзи, што претставува 72% од првично предвидениот проектен таргет кој изнесуваше 250 жени т.е. по 50 жени од секоја општина.

Интересот на целните групи по однос на видот на курсеви е голем но и различен. Дополнителен критериум за учеството на стручни курсеви беше интересот и желбата на жените да се насочат кон самовработување и кон користење на активните е мерки за самовработување кои ги нуди АВРМ, односно микрокредитирањето и субвенционирањето на малите и средни бизниси. Посетувањето на стручен сертификат од дејноста на бизнисот е обврзно за оние кои сакаат да ги користат овие мерки. Токму затоа и со стручните курсеви во следната фаза ќе овозможиме 6 учеснички да ги разработат своите бизнис идеи и да аплицираат за активните мерки.

Нивниот интерес варира по региони. Најголем интерес има за курсевите по фризерство односно 35%, па за шиење и кроење – 15%, за англиски и германски по 14% итн.

### 3. Селекција на жени кои ќе посетуваат професионална пракса

Во периодот на известување се вршеше мапирање на потенцијални работодавци кои ќе можат да ги вклучат нашите целни групи на професионална пракса. Целта на индивидуалната професионална пракса е зголемување на знаењата и капацитетите на целните групи учење низ практична работа, за тие да станат поконкурентни на пазарот на трудот. Оваа активност е неизмерно важна за жените, токму поради стекнувањето на некакво практично искуство во работна средина, кое ќе им овозможи

стекнување на работни навики, но уште поважно поголема можност за идно вработување.

Срединиите во кои што учесничките ќе ја спроведат професионалната пракса, варира врз основа на нивните квалификации и интереси. Се изврши успешно спојување на целните групи со соодветни работодавци од следните области:

- Локална самоуправа;
- Државни институции;
- Здравствени установи;
- Граѓански сектор;
- Мали претпријатија.

Во периодот на известување АНТИКО стапи во директна комуникација со работодавците со цел официјализирање на соработката во рамките на проектот. Во периодот кој следи ќе се потпишат Договорите со жените и со работодавците и ќе се започне со спроведување на праксата.

**4. Учество на проектниот тим на АНТИКО во активностите спроведени од страна на Проектот за менаџмент и мониторирање на грантови – Техничка помош**

Сите три членови од тимот на ЖГИ АНТИКО, земаа активно учество во тренинзите и семинарите за техничка помош, чиј што фокус беа завршните извештаи, начините на известување, индикатори за успех за целните групи и активности за следење на целните групи по завршувањето на проектите. Важно е да се напомене дека поради редовното присуство на сите предвидени актнивности/семинари од страна на проектот за техничка помош, како и поради активното учество, на сите членови од тимот на АНИТКО им следуваат сертификати за управување и раководење со ЕУ грантови.

**5. Континуирана комуникација на ЖГИ АНТИКО со локалните медијатори со цел навремено спроведување на проектните активности и добивање на одржливи резултати**

ЖГИ АНТИКО беше во континуирана електронска и телефонска комуникација со локалните медијатори во периодот на известување и во насока на организирање и спроведување на тренинг програмата, мобилизирање на целната група и организирање на превоз за учесничките и нивните деца. Покрај тоа со самиот факт што тимот на АНИТКО директно учествуваше на повеќе од 75% од самите тренинзи, беше воспоставена директна и непречена комуникација со локалните медијатори и се овозможуваше брза интервенција на можните предизвици. ЖГИ АНТИКО повторно редовно ја обновуваше унифицираната табела со клучни информации кои се прибираат при спроведувањето на тренинг програмата со цел да се имаат навремени и точни информации за учеството на целните групи.

Покрај електронската, телефонската и теренската комуникација, ЖГИ АНТИКО организираше и два состаноци со целите локални тимови, во просториите на ЖГИ АНИТКО во Скопје. На 24.01.2017 година се спроведе координативен состанок со локалните медијатори со цел дефинирање на датумите за тренинг програмата која се спроведуваше во периодот февруари-март 2017 година. На 30.03.2017 година исто така се одржа координативен состанок со локалните медијатори од 5те општини, со цел споделување на анализата на пазарот за провајдери кои нудат сертифицирани и стручни курсеви, понатаму за селекција на најактивните учеснички кои ќе се вклучат во следната фаза на стручни курсеви, како и за селекција на жени кои ќе одат на професионална пракса и работодавци кај кои учесничките ќе можат да ја обават професионалната пракса.

**6. Постојана промоција на програмските и проектните активности (видливост)**

За време на периодот на известување ЖГИ АНТИКО повторно учествуваше во неколку настани, конференции, тркалезни маси и слично, со цел промовирање на проектот и актуелизирање на прашањето поврзано со економското јакнење на жените, особено на жени од немнозинските етнички заедници, како и за потребата од нивното вклучување на пазарот на трудот. Дополнително ЖГИ АНТИКО преку интервјуа и учество во контактни емисии, директно го промовираше проектот. Сите информации поврзани со медиумската промоција на проектот и со спроведените проектни активности паралелно и редовно се објавуваат на проектната веб страната:
www.sheisbuildingfuture.org,
како и на YouTube профилот:
https://www.youtube.com/channel/UCXjR18Bnjxj4zb0N33hrtRg,
на веб страната на АНТИКО www.antiko.org.mk и на ФБ фан страната на АНТИКО:
https://www.facebook.com/WCI.ANTIKO/. Дополнително сите фотографии од спроведените настани ЖГИ АНИТКО редовно ги објавува на својот Flickr профил кој е достапен на линкот:
https://www.flickr.com/photos/152479488@N06/albums. Со цел споделување на релевантните информации до што поголем аудиториум, ЖГИ АНТИКО сите информации ги објавува на три јазици (македонски, албански и англиски). За таа цел до сега се извршени над 123 објави кои имаат прегледаност од најмалку 15.021 пати.

Дополнително во периодот на известување ЖГИ АНТИКО беше во комуникација со веб дизајнерот на проектната веб страна со цел да се овозможи континуирано надоградување на веб страната. Дополнително АНИТКО добива месечни извештаи од страна на веб дизајнерот согласно кои во овој квартал за веб страната се добиени следните статистички податоци:

- Вкупен број на прегледи: 1.704

- Број на уникатни IP адреси: 401

- Посетители кои директно ја пребарувале проектната веб страна 82,81%

- Посетители насочени од ФБ 13,58%

- Посетители насочени од Google 3,11%

- Посетители насочени од www.antiko.org.mk: 0.46%

- Посетители насочени од други извори: 0.04%

**7. Соработка со Агенцијата за вработување и со Центрите за вработување од 5те општини**

Во периодот на известување редовно соработувавме со Агенцијата за вработување на Република Македонија, односно со Центрите за вработување од 5те општини. Соработката се реализираше преку размена на информации за целните групи кои се регистрирани во Центрите, како и за претставување и актуелизирање на можностите кои се нудат во склоп на активните мерки кои се достапни за сите активни баратели на работа. Активните мерки се претставуваа и за време на самата тренинг програма, каде **присуствуваа и активно учествуваа Кариерни советници од локалните Центари за вработување**. Оваа соработка веќе вроди со плод, затоа што имавме учеснички кои воопшто не беа запознаени со активните мерки и придобивките доколку се регистрираат како активни барателки во Центрите за вработување, со што дојдовме до заклучок дека жените често немаат соодветна информација поради униформното известување и таргетирање на АВРМ. Токму затоа проектот ќе препорача дека во иднина треба да се земе предвид дека таргетирањето но и интересите на жената од урбана и рурална средина не се исти, поради што треба да се локализираат акциските мерки со цел реално да одговорат на нивните потреби.

## IV.II. Активности во рамките на проектот „Здружени сили за заеднички интереси“

### 1. Спроведување форуми во заедниците

Во рамките на првиот квартал се спроведоа вкупно 4 форуми во заедниците (два во Сарај и два во Чаир) каде на партиципативен начин се дефинираа приоритетите, проблемите и предизвиците во овие две општини и истите се преточија во Драфт Акциски планови. На форумите земаа учество вкупно 79 преставници од ГО, ЕЛС и други засегнати страни наменети за партиципативно учество во дефинирање на приоритетни области за соработка помеѓу локалната власт и ГО и идентификување на проблемите и потребите на заедницата. Како продукт на форумите произлегоа и 2 драфт акциски планови, очекуваме општините Чаир и Сарај да ги усвојат истите.



Фотографии од Чаир



**Фотографии од Сарај**





**2. Повик за ре-грантирање**

Во периодот на известување се креираше и објави повикот за регрантирање на мали проекти кои ќе се базираат на приоритетите кои се произлезени од форумите во заедниците (достапен http://antiko.org.mk/novosti_detail.asp?ID=379 и http://jointforces.eu/povik-za-mali-grantovi/). Општата цел на повикот е зајакнување на влијанието на граѓанското општество во унапредувањето на односите во заедницата преку партиципативна демократија и мултиетничко организирање и делување. Специфична цел на повикот е: 1) поддршка на процесот на градење на доверба во заедницата преку согледување на заедничките интереси на заедницата; 2) да се стимулираат акции на локалните заедници за учество во процесите на донесување на одлуки на локално ниво. Повикот за мали грантови беше наменет за следните општини: Долнени, Кичево, Крушево, Велес, Чаир и Сарај. Од 11 апликации, се изврши селекција на 6 добитни грантови (http://jointforces.eu/1080-2/). Во периодот кој следи ќе се организира Тренинг за добитниците на тема како да ги спроведуваат грантовите и ќе се врши мониторинг на истите.

### 3. Повик за менторски организации

Исто така во овој период се отвори нов повик за менторски организации каде што се очекува да бидат избрани уште 6 партнерства преку кој ќе се постави цврста база за развој на локалното граѓанско опшество преку организирање на локални акции за заеднички потреби во заедницата, формирање на општински тела. Главна цел е зајакнување на влијанието на граѓанското општество во унапредување на односите преку партиципативна демократија чиј резултат е препознавање од страна на јавните институции за важноста од вклучување на граѓанските организации и граѓанското општество во процесот на донесување на одлуки кое ќе придонесе за подобување на владеењето на правото. Ова ќе резултира со засновање на цврсто партнерство помеѓу граѓанските организации и локалните креатори на политики каде што заедничките ресурси соодветно ќе се користат (повикот е достапен на http://antiko.org.mk/novosti_detail.asp?ID=382 и http://jointforces.eu/povik/). Во наредниот период ќе се изврши рангирање, евалуација преку посета на лице место и селекција на нови 6 менторски организации и општини на делување.

### 4. Континуирана промоција на проектот

Сите проектни активности, резултати, повици и други информации поврзани со проектот, АНТИКО ги споделува на својата веб страна и на фб фан страната, на три јазици – македонски, албански и англиски јазик, со што се овозможува поголема транспарентност и видливост и информациите стигаат до поширок аудиториум.

Женска граѓанска иницијатива АНТИКО
Скопје,
мај 2017 година

Забелешки:

CIVICA MOBILITAS

NIRAS

SIPU

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат
NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU)

ANTICO
ЖЕНСКА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА
INICIATIVA QYTETARE E FEMRAVE

Женска Граѓанска Иницијатива АНТИКО
e-mail: antico@t.mk и
contact@antiko.org.mk
Канцеларија: ул. Вуковарска 23/1-2
Поштенски фах 1090, 1010
1000 Скопје, Македонија
телефон: +389 (0)2 2614 641
www.antiko.org.mk

Women's Civic Initiative ANTICO
e-mail: antico@t.mk &
contact@antiko.org.mk
Office: St. Vukovarska 23/1-2
P.O. BOX 1090, 1010
1000 Skopje, Macedonia
phone: +389 (0)2 2614 641
www.antiko.org.mk